


# Инстинктот може да се контролира и тоа ме разочарува

*Јане Чаловски дипломираше на Пенсилваниската академија за ликовни уметности во 1996 година на одделот за скулптура, и на Бенингтон колеџот во 1997 година со тезата „Синтеза на цртеж, скулптура и архитектура“ - колекција на дела во различни медиуми, која се наоѓа во различни колекции, меѓу кои Филаделфискиот музеј и Центарот за цртежи во Њујорк. На постдипломски студии престојувал во Центарот за современи уметности во Китакијусу, Јапонија (1999-2000). Минатата година ја доби престижната награда на Фондацијата Пју во Филаделфија*

**Поврзување...** создавање нови композиции, кои произлегуваат од интуитивно размислување. Мал милион сознанија за кои ни самите не сме свесни додека повторно ги согледаме како одново создадени целини

**Интеракција...** кога е добро остварена може да е „игра“, која само здодевните луѓе не ја прифаќаат. Тоа е во ред. ... помислувам на сите оние автомобили низ Скопје, кои се паркирани на една од лентите, каде што треба да се вози и го спречуваат нормалното функционирање на сообраќајот. Секогаш се прашувам што прават тие, кои се паркирале таму и тогаш. Фрустрира и малку изопачено привлекува во исто време.

**Перформанс...** сите глумиме - безброј гестикулации, движења, теории и филозофии вербално изразени - оценуваме и реагираме соодветно. Во уметноста - театралност понекогаш само институциски оправдана. Добрите се исклучителни доживувања, особено политички обоени како раните дела на Мајк Кели и некои од Марина Абрамович (со и без Улај), чии дела ги знам само од репродукции што е сосема друга проблематика - фото, видео, текст, документација за временски условено дело е инертно доживување, но сепак доживување

**Видеоарт...** суптилни видеоснимки од свадби и патувања

**Револуција во уметноста е...** многу претенциозно нешто. Се случува...

**Тулуз Лотрек...** еден потентен француски боем од претминатиот век воодушевен од жените и уличарите, коњите и мртвата природа. Сум ги доживеал неговите слики по различни музејски колекции, а се сеќавам и на пакувања на бонбониери. Постмодерно без да знаеме

**Атмосфера...** комплициран емотивен простор, кој е безграничен. Постојано возможен

**Експресија...** најинтересните нешта им ги должиме на оние, кои не се воздржувале од самите себе.

**Инстинкт...** возможно е да се контролира и ме разочарува што е така

**Постмодернизам...** афирмација на колективната интелектуална практика произлезена од потребата континуирано да се редефинира веќе создаденото

У М Е Т Н О С Т А Е Ф О Р М А Н А К А Т А Р З А